**Мермерен Комбинат АД Прилеп**

Бр.02 – 402

18.04.2011 год.

# З А П И С Н И К

## ОД СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ при МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп

Составен на 18 Април 2011 (Двеиљадииединаесттa година, април, осумнаесетти)

Во Прилеп, во 17(седумнаесет) часот, 0 (нула) минути

Согласно член 382, 383 и 384 од Законот за трговските друштва, на денешен ден во седиштето на Друштвото ул.Крушевски пат бб. во Прилеп, со почеток во 17(седумнаесет) часот се одржа Седницата на Собранието на акционерите на Друштвото.

Седницата ја отвори Г-дин Сашо Конески, кој преку увидот во списокот на акционерите, кој им бил достапен на увид на сите акционери односно нивни полномошници, утврди дека на седницата се присутни акционери или полномошници, со вкупно 4.148.302 гласа, што претставува 88,5% од вкупнот број на акции со право на глас на 18 април 2011 година, така што постои кворум за работа на Собранието според предложениот Дневен ред, по кој како прва точка од процедуралниот дел А, е Избор на Претседавач на Собранието. Согласно Законот за трговски друштва Претседавачот со Собранието на акционери се избира за секое одделно Собрание од редот на акционерите. Од страна на присутните акционери за Претседавач кој ќе раководи со седницта на Собранието беше предложен Г-дин Влатко Димоски.

Бидејќи немаше други предлози, предлогот се стави на гласање. Акционерите гласаа јавно, со кревање рака. За предлогот за избор на Г-дин Влатко Димоски акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 4.148.302 гласа-ЗА(100%), 0 гласа-ПРОТИВ(0%) и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ(0%)

Г-дин Сашо Конески констатира дека со 4.148.302 гласа-ЗА(100%), 0 гласа-ПРОТИВ(0%) и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ(0%) од акциите со право на глас на ден 18 април 2011 година претставени на Собранието за Претседавач на Собранието на акционери е избран Г-дин Влатко Димоски.

Претседавачот Г-дин Влатко Димоски се заблагодари на акционерите на укажаната доверба, и премина кон втората точка од процедуралниот дел А на Дневниот ред и изврши верификација на списокот на пријавени акционери и констатира дека постои кворум за работење на Собранието.

Претседавачот потоа отвори расправа по третата точка од процедуралниот дел од Дневниот ред – Усвојување на Записникот од предходната седница на Собранието одржана на 20 мај 2010 година кој беше ставен на гласање. По гласањето, едногласно со 4.148.302 гласа-ЗА(100%), 0 гласа-ПРОТИВ(0%) и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ(0%) се усвои Записникот од седницата на Собранието одржана на 20 мај 2010 година.

По однос на четвртата и петата точка од процедуралниот дел А од Дневниот ред се премина кон избор на записничар и двајца заверувачи на записникот, како и бројач на гласови. Претседавачот констатира дека предлогот е усвоен со 4.148.302 гласа-ЗА(100%), 0 гласа-ПРОТИВ(0%) и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ(0%).

После ова се премина кон Работниот дел Б од Дневниот ред за кој Претседавачот појасни дека Дневниот ред предложен за оваа седница согласно Законот за трговските друштва и Статутот на Друштвото е соопштен со повикот за учество на Собранието на Друштвото, објавен во весникот "Дневник" на 28 март 2011, како и на интернет страницата на Мермерен Комбинат АД Прилеп и на Македонска берза на хартии од вредност. Констатира дека дополнувања односно вклучувања на нови точки на предложениот Дневен ред согласно Статутот на Друштвото, не се доставени, така што на оваа седница Собранието ќе работи по предложениот Дневен ред објавен во повикот за учество на Собранието. Констатира дека материјалите по точките на Дневниот ред согласно Статутот на Друштвото и како што беше објавено во повикот, биле достапни на увид секој работен ден по објавувањето на повикот, во просториите на Друштвото и на интернет страната на Друштвото.

Во понатамошниот тек на Собранието најпрво се отвори расправа по однос на првата точка од работниот дел Б од Дневниот ред, - Извештај за работата на Одборот на директори на Друштвото за 2010 година, со – Предлог – Одлука за усвојување на извештајот за работата на Одборот на директори за 2010 година.

По однос на оваа точка свое излагање имаше Главниот Извршен Директор на Друштвото Г-дин Горан Попоски согласно писмениот Извештај изготвен од Одборот на Директори на Друштвото.

Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја стави -Предлог-Одлуката за гласање. Акционерите гласаа јавно, со кревање на рака. По однос на Предлог-Одлуката за усвојување на усвојување на извештајот за работата на Одборот на директори за 2010 година, акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 4.148.302 гласа-ЗА(100%), 0 гласа-ПРОТИВ(0%) и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ(0%).

Претседавачот констатира дека Собранието ја усвои Одлуката за усвојување на усвојување на извештајот за работата на Одборот на директори за 2010 година, и истата претставува Прилог А кон овој Записник.

Потоа се пристапи кон втората точка од од работниот дел Б од Дневниот ред, Финансиските извештаи и извештај на независните ревизори за 2010 година, со-Предлог-Одлука за усвојување на Финансиските извештаи и извештајот на независните ревизори за 2010 година.

Претседавачот ја стави Предлог-Одлуката за гласање. Акционерите гласаа јавно, со кревање на рака. По однос на Предлог- Одлуката за Финансиските извештаи и извештај на независните ревизори за 2010 година, акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 4.148.302 гласа-ЗА(100%), 0 гласа-ПРОТИВ(0%) и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ(0%).

Претседавачот констатира дека Собранието ја усвои Одлуката за усвојување на усвојување на Финансиските извештаи и извештај на независните ревизори за 2010 година, и истата претставува Прилог Б кон овој Записник.

Потоа се пристапи кон третата точка од работниот дел Б од Дневниот ред, за усвојување на годишната сметка на Мермерен Комбинат АД Прилеп за годината што завршува на 31 декември 2010 година, со-Предлог-Одлука за усвојување на годишната сметка на Мермерен Комбинат АД Прилеп за годината што завршува на 31 декември 2010 година. Претседавачот појасни дека во Годишната сметка е прикажано финансиското работење на Друштвото и придружните биланси:

- Извештај за финансиската состојба на ден 31 декември 2010;
- Извештај за сеопфатната добивка за периодот 1 јануари – 31 декември

Во извештајот за финансиската состојба на ден 31 декември 2010 година се искажани следните билансни состојби:

| | |
|---|---|
| Средства | во Денари 2,420,511,985 (Евра 39,354,710) |
| Капитал и обврски | во Денари 2,420,511,985 (Евра 39,354,710) |

Согласно извештајот за сеопфатната добивка за периодот од 1 јануари до 31 декември 2010 година, вкупните приходи изнесуваат 1,454,236,068 Денари (Евра 23,697,552), а вкупните расходи 873,110,814 Денари (Евра 14,381,165). Добивката пред оданочување е во износ од 581,125,254 Денари (Евра 9,316,387). По пресметувањето на данокот на непризнати расходи во износ од 17,584,188 Денари (Евра 286,669), добивката по оданочување во износ од 563,541,066 Денари (Евра 9,029,718) е нераспределена.

Претседавачот ја стави Предлог-Одлуката за гласање. Акционерите гласаа јавно, со кревање на рака. По однос на Предлог- Одлуката за усвојување на годишната сметка на Мермерен Комбинат АД Прилеп за годината што завршува на 31 декември 2010 година, акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 4.148.302 гласа-ЗА(100%), 0 гласа-ПРОТИВ(0%) и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ(0%).

Претседавачот констатира дека Собранието ја усвои Одлуката за усвојување на годишната сметка на Мермерен Комбинат АД Прилеп за годината што завршува на 31 декември 2010 година, и истата претставува Прилог В кон овој Записник.

Потоа се пристапи кон четвртата точка од од работниот дел Б од Дневниот ред, за употреба и распоредување на добивката за 2010 година, со-Предлог-Одлука за употреба и распоредување на добивката за 2010 година. Претседавачот појасни дека со предложената одлука добивката за годината 2010 ви износ од 563.541.066 денари (9.029.718 ЕВРА) се распределува како што следи:

| | |
|---|---|
| - Бруто дивиденда за обични акции | Денари 360,888,066; |
| - Данок за исплата на дивиденда | Денари 40,096,663; |

- Бруто дивиденда за обични акции Денари 360,888,066;
- Данок за исплата на дивиденда Денари 40,096,663;
- Акумулирана добивка Денари 162,556,337.

Претседавачот ја стави Предлог-Одлуката за гласање. Акционерите гласаа јавно, со кревање на рака. По однос на Предлог- Одлуката за употреба и распоредување на добивката за 2010 година, акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 4.148.302 гласа-ЗА(100%), 0 гласа-ПРОТИВ(0%) и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ(0%).

Претседавачот констатира дека Собранието ја усвои Одлуката за употреба и распоредување на добивката за 2010 година, и истата претставува Прилог Г кон овој Записник.

Потоа се пристапи кон петата точка од од работниот дел Б од Дневниот ред, за утврдување на датум за исплата на дивиденда за 2010 година, со-Предлог-Одлука за утврдување на датум за исплата на дивиденда за 2010 година. Претседавачот појасни дека со предложената Одлука се определува:

Износ на бруто дивиденда за 1 обична акција да изнесува Евро 1.25 (1 Евро = 61.60 Денари).

Датумот на пресек на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда за 2010 година е 18 април 2011 година.

Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2010 година е 19 април 2011 година.

Исплатата на дивиденда за 2010 година ќе започне на 25 април 2011 година и ќе се изврши согласно законските прописи до 30 септември 2011 година.

Претседавачот ја стави Предлог-Одлуката за гласање. Акционерите гласаа јавно, со кревање на рака. По однос на Предлог- Одлуката за утврдување на датум за исплата на дивиденда за 2010 година, акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 4.148.302 гласа-ЗА(100%), 0 гласа-ПРОТИВ(0%) и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ(0%).

Претседавачот констатира дека Собранието ја усвои Одлуката за утврдување на датум за исплата на дивиденда за 2010 година, и истата претставува Прилог Д кон овој Записник.

Потоа се пристапи кон шестата точка од од работниот дел Б од Дневниот ред, за именување на друштво за ревизија на годишната сметка на Друштвото за 2010 година, со-Предлог-Одлука за именување на друштво за ревизија на годишната сметка на Друштвото за 2010 година. Претседавачот појасни дека согласно Законот, за ревизор на годишната сметка на Мермерен Комбинат АД Прилеп за тековната 2011 година се именува Друштвото за ревизија Grand Thornton ДОО Скопје.

Претседавачот ја стави Предлог-Одлуката за гласање. Акционерите гласаа јавно, со кревање на рака. По однос на Предлог- Одлуката за именување на друштво за ревизија на годишната сметка на Друштвото за 2010 година, акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 4.148.302 гласа-ЗА(100%), 0 гласа-ПРОТИВ(0%) и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ(0%).

Претседавачот констатира дека Собранието ја усвои Одлуката за именување на друштво за ревизија на годишната сметка на Друштвото за 2010 година, и истата претставува Прилог Ѓ кон овој Записник.

Откако констатира дека се исцрпени сие точки од Дневниот ред, Претседавачот им се заблагодари на присутните акционери и нивните полномошници за нивното присуство и учество во работењето на Собранието, после што ја затвори седницата во 18(осумнаесет) часот и 30(триесет) минути.

**ПРЕТСЕДАВАЧ**

Влатко Димоски

________________

**ЗАПИСНИЧАР**

________________

**ЗАВЕРУВАЧИ**

________________

________________

МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп